**Предлагање на нови одлуки**

Акционерите, кои поединечно или заедно поседувааат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас, имаат право по писмен пат, да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието на акционери.

Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер - физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер - правно лице.

Заедно со барањето, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

А. За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена; и
- Копија од лична карта или пасош.

Б. За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена;
- Последна тековна состојба од Централнниот регистар во оригинал не постара од седум дена; и
- Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Предлогот заедно со документите за идентификација мора да биде примен во МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп најдоцна до 31 март (сабота) 2018 година, до 16:00 часот.

Адреса на која се доставува барањето:
МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп
Крушевски пат бб, 7500 Прилеп
Одбор на Директори
Со назнака “за Собрание на акционери”